# НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

**Период за известување**: Од 1 јануари до 30 април 2026 година

**Проект**: „Иновативно-научни решенија за сузбивање на социјалната нееднаквост и сивата економија во Република Северна Македонија преку даночната регулатива“

**Институција**: Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## 1. ВОВЕД

Овој наративен извештај ги опфаќа реализираните активности во периодот од 1 јануари до 30 април 2026 година, кој претставува клучна фаза во преминот од аналитичка кон апликативна реализација на проектот. Во овој период, фокусот беше ставен на продлабочување на научно-истражувачката работа, финализирање и поднесување на научни трудови, развој на иновативни методолошки алатки и поставување основи за институционализација и долгорочна одржливост на проектните резултати.

Активностите се реализираа во согласност со предвидената динамика и придонесоа кон остварување на клучните проектни цели, особено во делот на креирање политики засновани на докази и јакнење на научната и институционалната инфраструктура.

## 2. ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ И НАУЧНИ РЕЗУЛТАТИ

Во рамки на Цел 2 - креирање нови правни решенија и препораки за намалување на сивата економија и социјалната нееднаквост, во извештајниот период беше остварен значаен напредок во научната продукција. Два научни труда од областа на сивата економија се поднесени за објавување во реномирани списанија индексирани во Web of Science, и тоа:

- *“Determinants of the Informal Economy in European Transition Economies: Institutions, Taxation, and Income Convergence”* и
- *“Regional Distribution of the Informal Economy and Its Implications for Local Public Finance: ‘Tax Me If You Can’”.*

Овие трудови претставуваат директен научен придонес кон разбирањето на структурните детерминанти на неформалната економија и нејзиното влијание врз јавните финансии.

Истовремено, во напредна фаза на подготовка се уште два труда, кои тематски се насочени кон анализа на влијанието на даночните олеснувања врз социјалната нееднаквост, како и критичка евалуација на системот „Мој ДДВ“ како инструмент за формализација на економијата.

Преку изработка на сите овие научни дела директно се придонесува кон исполнување на индикаторот за меѓународна научна видливост на Проектот и продукција.

Паралелно со научната продукција, беше направен значаен чекор кон разработка на сет на политики за минимизација на т.н. „даночни празнини“. Во оваа фаза се изврши систематизација на идентификуваните слабости во постојната даночна регулатива и нивна поврзаност со обемот на неформалната економија, при што се формулираат првични предлог-решенија засновани на емпириски податоци и компаративни искуства.

Особено значаен научен придонес во овој период претставува воспоставувањето на методолошка рамка за изработка на фискален индикатор на социјална праведност. Развиената методологија вклучува сет на квантитативни и квалитативни индикатори преку кои ќе се мери влијанието на даночниот систем врз распределбата на доходот, пристапот до јавни услуги и степенот на социјална инклузија. Овој индикатор е замислен како долгорочен аналитички алат, со потенцијал за примена и во идни истражувања и политики. Како индикатор за напредок, во оваа фаза е комплетирана концепциската рамка и дефинирани се клучните варијабли и извори на податоци.

## 3. ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ

Во рамки на Цел 3, во извештајниот период беа преземени конкретни чекори кон институционализација на проектните резултати.

Во насока на јакнење на капацитетите за формулирање политики засновани на докази, започнати се конкретни активности за основање на Центарот за правна клиничка едукација и истражувања по даночно право и финансии („ИНОВА ЛЕКС ТАКС“). Во извештајниот период беше идентификуван и обезбеден соодветен простор на Факултетот, а во тек се активности за негово техничко опремување и функционално уредување. Ова претставува значаен чекор кон исполнување на индикаторот за воспоставување на трајна институционална структура која ќе обезбеди континуитет на истражувачките и едукативните активности.

Паралелно, се интензивираа активностите за развој на онлајн платформа за размена на податоци и резултати, која е замислена како интерактивен алат за поврзување на истражувачи, студенти и практичари.. Во оваа фаза е финализиран концептот на платформата, изработена е нејзината основна архитектура и започната е подготовка на бази на податоци за дигитална интеграција. Посебен акцент е ставен на вклучување на пошироката академска и стручна заедница, при што веќе е воспоставена иницијална мрежа на потенцијални корисници (истражувачи, студенти, практичари), што претставува рана фаза на исполнување на индикаторот за најмалку 300 корисници до крајот на проектот.

Овие активности директно придонесуваат кон јакнење на капацитетите за креирање политики засновани на докази и кон зголемување на видливоста и влијанието на проектот.

## 4. ОПШТА ОЦЕНКА НА РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ

Реализацијата на активностите во периодот јануари–април 2026 година се одвива во согласност со предвидената динамика и поставените цели. Постигнат е значаен напредок во научната продукција, со веќе поднесени трудови во реномирани меѓународни списанија, што ја потврдува научната релевантност и меѓународната видливост на проектот. Развиената методологија за фискален индикатор и започнатите активности за институционализација укажуваат на јасна ориентација кон долгорочна одржливост и практична примена на резултатите.

Истовремено, се поставуваат цврсти основи за институционализација на проектот преку воспоставување на Центарот и развој на дигитална инфраструктура.

Особено значајно е што активностите во овој период покажуваат јасна ориентација кон практична примена на истражувачките резултати, преку нивно трансформирање во конкретни политики и аналитички алатки. Индикаторите за напредок (број на поднесени трудови, развиена методологија, започната институционализација, воспоставена платформа) укажуваат на стабилен и континуиран развој на проектот.

## 5. ЗАКЛУЧОК И НАСОКИ ЗА 2026 ГОДИНА

Во следниот период, активностите ќе бидат насочени кон финализација и објавување на научните трудови, понатамошна разработка и емпириско тестирање на фискалниот индикатор на социјална праведност, како и кон целосно функционализирање на Центарот „ИНОВА ЛЕКС ТАКС“ и онлајн платформата. Паралелно, ќе се работи на продлабочување на соработката со релевантните институции и финализирање на policy препораките, со цел нивна практична примена.

Проектот во текот на 2026 година влегува во својата завршна, апликативна фаза, со јасен фокус на институционализација на резултатите, нивна широка дисеминација и директно вклучување во процесите на креирање јавни политики. Во таа насока, планирано е објавување на монографија и најмалку уште два научни труда во реномирани меѓународни списанија, како и активно учество на меѓународни конференции за дополнително зајакнување на научната видливост и соработка.

Клучен сегмент од оваа фаза претставува целосното оспособување на Центарот „ИНОВА ЛЕКС ТАКС“ како трајна платформа за научно-истражувачка работа, клиничка едукација и подготовка на стручни анализи, како и пуштањето во употреба на онлајн платформата за размена на податоци и резултати. Овие алатки ќе обезбедат континуирана поддршка на институциите и ќе придонесат за транспарентност и информирана јавна дебата.

Како завршна активност, предвидено е организирање на меѓународна научна конференција, како и изработка на завршен policy brief со конкретни и применливи препораки за реформа на даночниот систем и намалување на сивата економија.

Севкупно, очекуваниот исход од проектот е создавање на одржливи и мерливи решенија кои ќе придонесат за унапредување на фискалната праведност, зајакнување на формализацијата на економијата и зголемување на довербата во институциите, со долгорочно позитивно влијание врз намалувањето на социјалната нееднаквост.

Скопје, 29.4.2026 година

проф.д-р Александар Стојков

Главен истражувач на Проектот